# ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

ул. „Илинденска“ бр. 186, 2305 Зрновци, info@zrnovci.gov.mk www.zrnovci.gov.mk

# БИЗНИС ИНФОРМАТОР



Бр.1

23.06.2023

**Содржина:**


- **Усвоени УП за сите три населени места во општината**
- **Усвоена Стратегијата за локален Економски Развој на општина Зрновци 2023 – 2027**
- **Формиран Локален Економски Совет при општина Зрновци**




Посетувајте ја веб страната на општината **zrnovci.gov.mk** информирајте се!

-------------------------------------

На youtube каналот на општина Зрновци https://www.youtube.com/@opstinazrnovci/streams гледајте ги седниците на Советот на општината во живо!

ЗРНОВЦИ, ЈУНИ,2023

## УРБАНИСТИЧКИТЕ ПЛАНОВИ ЗА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ЗРНОВЦИ, МОРОДВИС И ВИДОВИШТЕ СЕ УСВОЕНИ

Урбанистичките планови имаат значајна улога во локалниот економски развој и стимулирањето на растот на мали и средни претпријатија. Тие претставуваат стратегии и насоки за урбаниот развој на една област, со цел да се подобри животот на луѓето и да се создадат услови за економски напредок.

Урбанистичките планови го определуваат зонирањето на еден град или област, што ги одредува можностите за инвестиции и развој на различни видови на претпријатија. Преку прецизно зонирање, се создаваат подрачја кои се наменети за различни видови на дејности, како што се индустриски, комерцијални, резиденцијални или рекреативни зони. Ова овозможува подобро планирање на инфраструктурата и ресурсите, што директно влијае на економскиот развој.

Креирањето на специфични зони за мали и средни претпријатија е од особен интерес во урбанистичките планови. Овие претпријатија играат значајна улога во економијата, бидејќи креираат работни места, стимулираат иновации и допринесуваат за локалниот развој. Со креирање на посебни зони или инкубатори за мали и средни претпријатија, урбанистичките планови им овозможуваат на овие претпријатија да се развиваат во стабилна околина со соодветна инфраструктура и услови.

Од друга страна, урбанистичките планови ги поддржуваат и малите и средните претпријатија преку различни мерки и инцентиви. Тие можат да вклучуваат поддршка за финансирање, подобрување на инфраструктурата, намалување на барањата за лиценци и дозволи, обука и развој на работната сила, како и маркетинг и промоција на локалните претпријатија.

Општина Зрновци ги усвои новите Урбанистички планови за населено места за сите населени места: Зрновци (140,19ха)(Одлука бр. 08-687/1 од 20.07.2022), Мородвис (70.4ха) (Одлука бр. 08-883/1 од 16.09.2022) и Видовиште (67,8ха)(Одлука бр. 08-546/1 од 30.05.2022 год.)

После долгогодишна постапка конечно се создадени услови за уредување на градежното земјиште на општина Зрновци и соодветен економски напредок и развој.

Синтезните планови за сите три населени места се објавени на веб страната на општината во папката Општински урбанизам:
https://zrnovci.gov.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=55&Itemid=258

## СТРАТЕГИЈАТА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ЗРНОВЦИ 2023 – 2027 Е УСВОЕНА

Советот на општина Зрновци на својата седница на ден 22.05.2023 година донесе одлука бр. 08-538/1 за усвојување на Стратегијата за локален економски развој на општина Зрновци за период 2023 – 2027.

Стратешкиот план за Локален Економски Развој е работен од тим составен од општинска администрација и преставници од невладин сектор и Локалниот економски совет. Изработен е по методологија дизајнирана во рамките на Проектот финансиран од ЕУ „Градоначалници за економски раст (M4EG)“ а под менторство на тим од УСАИД. Овој проект се покажал како успешен во земјите од Источното партнерство (EaP) (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Грузија, Молдавија и Украина).
Стратешкиот план за ЛЕР има 4 стратешки цели:

1. **Подобрување на квалитетот на услугите на јавната администрација кон бизнис секторот**
2. **Поддршка на развојот на мали и средни претпријатија (МСП) и подобрување на бизнис опкружувањето**
3. **Промоција и поддршка на развојот на туризмот**
4. **Поддршка на одржливиот рурален развој**

и вкупно 15 мерки со вкупно 64 активности/проекти.
Дополнително во планот се разработени и 3 стратешки области на делување.

- Култура и спорт
- Животна средина
- Социјална заштита

Разработени се вкупно 8 мерки со вкупно 26 активности/проекти
Да се работи на ЛЕР, значи да се работи директно на изградба на економска конкурентност на општината, со цел да се подобри нејзината економска иднина. Локалната самоуправа, во огласност со новите надлежности што и се дадени со децентрализацијата во своите активности, треба да даде приоритет на локалното стопанство и на зголемување на неговата конкурентност во економска смисла,

бидејќи успехот на локалната заедница ќе зависи од нејзината приспособливост кон пазарното опкружување, кое се побрзо се менува и во кое конкуренцијата е се посилна.

Секоја локална заедница има свои единствени локални услови, кои можат да го помагаат или да го отежнуваат нејзиниот економски развој. Овие локални атрибути ги формираат темелите на кои може да се гради стратегијата за ЛЕР, со цел да се подобри конкурентноста на локалните бизниси.
За да се развие конкурентноста, секоја локална власт треба пред себе да ги има предвид сопствените ресурси (природните потенцијали, географската местоположба, инфраструктурата, постојните стопански капацитети итн.), како и предностите и слабостите, со цел да се искористат потенцијалните можности и да се избегнат опасностите на кои е изложена. Треба да се создаде поволна стопанска клима што ќе привлече нови инвестиции, кои ќе создаваат нови работни места, други позитивни страни во ЛЕР, со што ќе се овозможи и развој на локалната заедница во целина.
Документот е достапен на веб страната на општината zrnovci.gov.mk во папката документи
https://zrnovci.gov.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=61&Itemid=263



## ФОРМИРАН ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ СОВЕТ ПРИ ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

Советот на општина Зрновци на својата 5-седница на 28.01.2022 година под бр. 08-94/1 донесе одлука за формирање на ЛЕС на општина Зрновци.

Општина Зрновци потпиша меморандум за соработка со УСАИД и вклучување на општината во проектот „Зајакнување на капацитетите за зајакнување на ресурсите". Од нивна страна беа дадени одредени насоки за формирањето и работата на овој совет кој во иднина треба да има значајна советодавна улога за сите важни процеси и одлуки од областа на локалниот економски развој на општина Зрновци, како што се:

- Дебата за стратешки прашања за локален економски и одржлив развој на општината,
- Утврдување развојни и структурни приоритети,
- Привлекување на домашен и странски капитал,
- Насоки за водење на локална економска политикаи поволна средина за развој на бизнисот,
- Подобрувањенапротокотнаинформации,услугитезабизниситекако и некоиадминистративнипроцедури,
- Градење партнерства со регионални, национални и меѓународни субјекти од областа на економијата,
- Развојот на пазарот на труд и модалитетите за развој на вештините и способностите на човечкиот капитал,
- Организација на заеднички активности и проекти,
- Промоција и презентација на локалната економска заедница на регионално, национално и меѓународно ниво и
- Други прашања од интерес на бизнис заедницата и сите граѓани на Општина Зрновци и регионот.

Локалниот економски совет на Општина Зрновци брои 5 члена и го сочинуваат :

1. **Маријан Ангелов – ДОО БМФ Зрновци**
2. **Гоце Ангелов – Кафе бар Рио**
3. **Роберт Митев – Никосар ДООЕЛ Зрновци**
4. **Жаклина Голчева – Агроконсалтинг плус ДООЕЛ Зрновци**
5. **Дарко Нешков – Ларина ДООЕЛ Зрновци**

***Општина Зрновци ги повикува сите останати стопанственици на територијата на општина Зрновци активно да се вклучат во работата на Локалниот економски совет и го дадат својот придонес во развојот на нашата општина.***